**ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО**
**КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**
**«СУ-32/22**
**«14.01.2022» година**
**К у м а н о в о**

**Согласно член 36 од Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл.весник на Р.С.Македонија бр.101/2019)**

**Основен суд Куманово, ул:„11-ти Октомври“ бб, тел.број 031 411-555, факс: 031 422-876, e-mail info@oskumanovo.mk**

Судија Снежана Манев-В.Д. Претседател на Основен суд Куманово
(името на службеното лице)

Го подготви следниот:

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## Од 01.01.2021 до 31.12.2021 година

**1.**Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации;

Мирјана Максимовска –судски соработник

2. **Број на примени барања;** Во текот на 2021 година во Основен суд Куманово.

Во Основен суд Куманово, во текот на 2021 година, примени се 49 ( четириесет и девет) барања за пристап до информации од јавен карактер.

·1. Хелсиншки комитет за човекови правс - Скопје- Барање информации за број на поведени постапки за дискриминација врз основа на пол и род во работни односи во 2020 година, во кои тужителите се жени, број на пресуди во кои се утврдува дискриминација врз основа на пол и род во работни односи во 2020 година, во кои тужителите се жени, број на пресуди во кои не се утврдува дискриминација врз основа на пол и род во работни односи во 2020 година, во кои тужителите се жени.

·2. Илир Исени од Дебар – Барање на информација за одржани рочишта/судења во граѓанска постапка (парнична и вонпарнична) преку т.н. далечинско судење (онлајн судење), од почетокот на пандемијата со КОВИД-19 до денес, дали т.н. далечинско судење ( онлајн судење) е/се одржана/и преку телефон или преку видео врска и која видео плоатформа е користена, од почетокот на пандемијата со КОВИД-19 до денес, кои се најзначајни причини поради кои не се одржани рочишта/судења во граѓанска постапка (парнична и вонпарнична постапка) преку т.н. далечинско судење ( онлајн судење) од почетокот на пандемијата со КОВИД-19 до денес;

·3. Ангела Рајчевска - новинар во АД „МИА“ Скопје - Барање информација, колку разводи на брак се склучени и колку бракови се разведени во текот на 2020 година;

·4. Хелсиншки Комитет за човекови права Скопје - Барање информација за број на примени тужби за заштита на дискриминација, расчленети по облик основ и област каде е сторена дискриминација, број на одлуки со кои е утврдена дискриминација, број на одлуки со кои не е утврдена дискриминација;

·5. Фондација Отворено општество - Македонија, Скопје - Барање информација кои се потешкотиите со кои се соочуваме со примена на ЗБПП, наведите неколку правни празнини во имплементацијата на ЗБПП;

·6. Фондација Отворено општество - Македонија, Скопје - Барање податоци дали судот во постапка кога е назначен адвокат за давање на бесплатна правна помош, бара и посебно полномошно или доволна е потврда/решение за назначување на адвокат за давање на секундарна правна помош;

·7. Фондација Отворено општество - Македонија, Скопје - Барање податоци, за број на постапки во кои граѓаните на кои им е одобрена бесплатна правна помош се ослободени од судски такси и административни такси;

·8. Фондација Отворено општество - Македонија, Скопје - Барање податоци, дали сметаме дека бројот на одобрени барања за секундарна правна помош одговара на потребите на граѓаните;

·9. Фондација Отворено општество - Македонија, Скопје - Барање податоци, колку судии имаат посетено обука за Закон за бесплатна правна помош;

·10. Фондација Отворено општество - Македонија, Скопје - Барање информации дали сметаме дека се потребни обуки за судии како би се запознале подетално со правото на бесплатна правна помош и би се обезбедил поефикасен и поефективен пристап до правда ;

·11. Фондација Отворено општество - Македонија, Скопје - Барање информации, кога корисникот на секундарна правна помош ќе успее во постапката и судот ќе ги утврди трошоците спрема спротивната страна за сметка на Буџет на државата кој го известува Министерството за правда (адвокатот, странката која добила БПП или судот);

·12. Фондација Отворено општество - Македонија, Скопје - Барање информации за број на започнати постапки по одобрено барање за бесплатна правна помош на жртви на семејно насилство ( по пол, возраст, етничка припадност);

·13. Фондација Отворено општество - Македонија, Скопје - Барање информации за  број на започнати постапки по одобрено барање за бесплатна правна помош

(по пол, возраст, етничка припадност);

·14. Фондација Отворено општество - Македонија, Скопје - Барање информација за број на завршени постапки по одобрено барање за бесплатна правна помош на жртви на семејно насилство (по пол, возраст етничка припадност);

·15. Фондација Отворено општество - Македонија, Скопје - Барање информација за број на усвоени предлози, тужбени барања, жалби во постапки каде има одобрено барање за бесплатна секударна правна помош ;

·16. Фондација Отворено општество - Македонија, Скопје - Барање информација за број на адвокати кои ги застапувале странките во постапки по основ на одобрено барање за бесплатна правна помош;

·17. Фондација Отворено општество - Македонија, Скопје - Барање информации како го промовирате Законот за бесплатна правна помош;

·18. Фондација Отворено општество- Македонија, Скопје - Барање информации, како е регулирана соработката со Бирото за судски вештачења и дали постои посебен образец за упатување на барање за вештачење кога е одобрена секундарна правна помош;

·19. Фондација Отворено општество- Македонија, Скопје - Барање информација за број на постапки во кои граѓаните на кои им е одобрена бесплатна правна помош им биле покриени трошоци за вештачење согласно Законот за бесплатна правна помош;

·20.Фондација Отворено општество- Македонија, Скопје - Барање информации за предлози да се олесни пристапот до бесплатна правна помош;

·21. Катерина Крстевска Савовска од Скопје - Барање информации, колку одбивателни, ослободителни, осудителни пресуди се изречени во 2020 година за кривично дело по член 206 од КЗ, по физички лица, машки пол, женски пол и правни лица.

·22. Општина Куманово - Барање информација, дали е поведена вонпарнична постапка по решение УП.бр-08-4840/71 од 14.03.1972 година, на поранешниот сопственик Петре Спасовски во 1972, 1973, 1974 година ( постапка за определување надомест за експроприрана недвижност);

·23. Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство Скопје - Барање информации за број на донесени правосилни судски пресуди во врска со случаи на сексуално насилство и тоа по член 186 , 187, 188, 189, 190, 191, 192, 193, 194, од КЗ;

·24. Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење"- Барање информации за број на осудителни пресуди, број на ослободителни пресуди и број на одбивателни пресуди по година за период од 01.01.2017 до 31.12.2020

година;

·25. Ангела Младеновска од Охрид - Барање информации, колку предмети се во работа на почетокот на годината, колку оставински предмети се примени, колку од истите се решени и колку останале на крајот од годината и тоа за 2015, 2016, 2017, 2018, 2019 и 2020 година;

·26. Општина Куманово - Барање информации, дали е водена постапка за определување надомест одземен имот на поранешен сопственик Миле Петковски со Решение бр.19328/1 од 29.09.1960 година;

·27. Здружение на новинари на Република Северна Македонија - Барање информации за правосилни пресуди согласно на чл.319 од КЗ - предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа кои се донесени во рамките на судот во период од 2010 година до 2021 година;

·28. Здружение на граѓани Васка Лешковска-Истражувач Скопје - Барање информации, број на случаи со утврдена дискрининација, по основ на род/пол од областа на работни односи, разделени по пол на странката-тужител и по пол на тужениот, за период од 2018-2020 година, број на поднесени тужби за вознемирување на работно место разделени по пол на странката-тужител и по пол на тужениот, за период од 2018-2020 година ;

·29. Општина Куманово - Барање информации, дали во постапка која е поведена пред Основен суд Куманово од тужител ДПГТУ КООП ИНЖИНЕРИГ КУМАНОВО против тужена Општина Куманово која се води по деловоден број МАЛВТС 5/21 е донесена Одлука и дали донесената Одлука е правосилна;

·30.Наташа Бошковска од Скопје - Барање информации, колку тужби се поднесени во судот во период од 2018-2020 година и колку подносители биле мажи, а колку жени, колку постапки се започнати во 2018, 2019 и 2020 година со застапување на странките со адвокат назначен, во колку постапки странките побарале ослободување од судски трошоци, колку биле мажи, а колку жени, во колку случаи биле одобрени барања за ослободување од трошоци, во колку постапки во период од 2018-2020 година се ангажирани судски преведувачи или толкувачи, колку биле мажи, а колку жени, колку е просечно време за разрешување на граѓански спорови, колку е просечно време од примање до разрешување на случаи на насилство врз жени, каков се сооднос на вкупниот број на предмети наспрема решени предмети за 2018, 2019 и 2020 година одделно, колку е бројот на решени наспрема ново примени случаи во 2018, 2019 и 2020 година одделно, колку приватни кривични тужби се поднесени во период од 2018-2020 година, колку оштетени се жени, а колку мажи, колку обвинителни предлози се поднесени во период од 2018-2020 година, колку обвинителни акти се поднесени во 2018-2020 годна, колку бранители по службена должност се поставени од страна на претседателот на судот во период од 201802020 година, колку од поставените адвокати биле жени, а колку мажи, колку обвинети побарале да им се постават адвокати поради имотна содтојба во период од 2018-2020 година;

31. Хелсински Комитет за човекови права Скопје - Барање информации

Колку предлози за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство се поднесени до судот, колку решенија за изрекување на привремена за заштита се изречени во случаи на семејно насилство, колку тужби се поднесени кои се однесуваат на утврдување на повреда на принципот на должно внимание на државни институции во постапување во случаи на заштита на жртви на родово-базирано насилство, колку пресуди се донесени за утврдување на повреда на принципот на должно внимание на државни институции во постапување во случаи на заштита на жртви на родово-базирано насилство, колку тужби за надомест на штета во случаи на родово-базирано насилство и семејно насилство се поднесени, колку пресуди за надомест на штета во случаи на родово-базирано насилство и семејно насилство се донесени, колку пресуди за извршено кривично дело убиство во кое жртва е жена се изречени во вашиот суд, колку обинителни акти се поднесени до вашиот суд за извршено кривично дело убиство во кое жртва е жена, во периодот од 1 јануари до 31 мај 2021 година,

32. Констатин Канзуров од Скопје - Барање информации за обвинети и осудени сторители на кривични дела против животна средина за период од 2014-2019 година, обвинети и осудени сторители на кривично дело чл.226 од КЗ, и податоци поврзани со обвинети и осудени лица при „ОА ГОРА".

33. Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство Скопје - Барање увид во предмети за кривични дела Убиство и обид за убиство каде жртви се жени, за сите предмети од 2017 до 2020 година;

34.Нелтон Мустафа од Куманово - Барање информации, колку кривични дела се извршени, колку пресуди се конечни, колку изречени казни, парични казни, општокорисна работа, затвор, судска опомена, условна осуда, по возраст на осудени лица дали се деца, возрасни, оженети, возрасни или стари, пол на осудени лица- колкав процент односно колку мажи или жени, деца извршиле имотни деликти, националност на осудени лица , жртви на имотно дело кои се жртвите кои претрпеле штета на физички или правни лица или колку им наштетиле од овие кривични дела сериозно оштетување или оштетување на имот, духовно, физичко, за кривични дела против имотот-Кражба од чл.235 од КЗ, за кривично дело Кражба на електрична енергија, топлинска енергија или природен гас од чл.235-а од КЗ, за кривично дело Тешка кражба од чл.236 од КЗ, за кривично дело Разбојничка кражба од чл.237 од КЗ, за кривично дело затајување од чл.239 од КЗ, за кривично дело Одземање туѓи предмети од чл.241 од КЗ

35. Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење" Скопје - Барање информации, колку кривични предмети се оформени по чл.205 и 206 од КЗ, во период од 17.03.2020-30.06.2021 година, колку пресуди се донесени по чл.205 и 206 од КЗ, во период од 17.03.2020 - 30.06.2021 година.

36. Васко Маглешов, новинар во Призма од Скопје - Барање информации за број на пресуди донесени во период од 2016 до 2020 година за кривично дело по чл.227 од КЗ, број на пресуди донесени за кривично дело по чл.227 од КЗ, заклучно со 31.07.2021 година.

37. Институт за стратешки истражувања и едукација ИСИЕ Скопје - Барање информации, колку средства се побарани, потрошени од Буџет за работа на специјализирани судски оддели за криминалитет за деца, колку средатва се побарани, добиени, потрошени за обезбедување на услови предвидени во

чл.147 од Закон за правда за деца за 2018, 2019 и 2020 година, колку средства се побарани, добиени и порошени од Буџет за активности за Унапредување на системот за евиденција и известување за деца во ризик, деца жртви и деца во судир со законот, колку средства се побарани, добиени и потрошени за активности надвор од претходните прашања за период од 2018-2020 година, дали имаме интерни акти со кои се уредува буџетирањето на ставки, дали се користи експерска подршка од надворешни експерти, колку средства се добиени од домашни и странски донатори, на кој начин се води евиденција на добиени донации, дали се предвидени во планови за работа, кои се приоритетни активности за кои е потребна донација, дали судии и вработени имаат учествувано на обуки, колку работни места не се полполнети согласно важечка систематизација;

38. Мила Пертова од Куманово - Барање информации, за број на осудени лица, одлуки на судот, причини за отфрлање и санкција и колку изнесува истата за кривични дела од чл.213, 214, 232, 248 од КЗ;

39. Општина Куманово - -Барање информации за судско порамнување по Пресуда П-бр.09-276/02 од 25.11.2003 година;

40. Радислав Спасовски од Куманово - Барање информација за фотокопија од полномошно на АДВ. Милена Думановска од Куманово;

41. Горан Пејовски од Битола - Барање информација, дали има вработено лице на работно место судски полицаец со завршено високо или више образование и колку бодово за образование, согласно Законот за судска служба му се пресметува;

42. ОБСЕ/ОДИХР Скопје - Барање информација за вкупниот број на полнолетни граѓани, кои согласно одлука се прогласени за целосно и делумно деловно неспособни заклучно со 15.10.2021 година;

43. Центар за правни истражувања и анализи - Барање информација за пол и година на раѓање на судски службеници од категорија А, Б, В и Г, согласно Законот за судска служба;

44. Ангела Рајчевска - новинар во АД „МИА“ Скопје - Барањер информација за број на заведени предмети во изминати пет години по основ на вознемирување на роботно место, колку се однесуваат на психичко, сексуално вознемирување на работно место, во колку предмети тужителот е жена, а во колку е маж;

45. Оља Ристова - Судија во Основен кривичен суд Скопје - Барање информација за поднесени обвиненија за кривични дела во кои оштетени се новинари или медиумски работници за сторени кривични дела од чл.123, 130, 131, 139, 140, 144, од КЗ, колку обвиненија се поднесени во период од 2019, 2020 од 01.01.до 30.01.2021 година, дали се поднесени обвиненија за кривично дело од чл.144 од КЗ, за закани сторени преку информатички систем спрема новинари или медиумски работниоци, дали постои посебен оддел или судии обучени/специјализиранида постапуваат по обвиненија за кривичнио дела сторени према новинари и медиумски работници;

46. Нермине Ибрахими од с.Опае Куманово - Барање информација примени и решени кривични предмети од семејно насилство во период од 2015-2019 година, за кривични дела по чл.123, 125, 130, 131, 139, 140, 144, 189, од КЗ;

47. Игор Петковиќ - Барање информација за судскиот предмет ПРК-С-1224/21, како гласи пресуда;

48. Ирина Јолевска, Здружение на граѓани, Реактор - Истражување во акција Скопје - Барање информација за број на започнати граѓански постапки за изрекување на привремена/итна мерка за заштита согласно Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, за период од 2019 до 2021 година, предлагач, пол на жртвата и пол на сторителот-противник, однос помеѓу жртвата и сторителот-противнико, вид на насилство, времетраење на постапката, донесена одлука, вид на изречена привремена мерка/итна мерка за заштита доколу постапката завршила, времетраење наизречената привремена /итна мерка за заштита доколу постапката завршила
-.Број на граѓански постапки од прашања под точка 1 кои се правосилно завршени разделени по години за 2019, 2020 и 2021 година.
- Број на поднесени и број на усвоени предлози од Министерство за внатрешни равоти за изрекување на итни мерки за заштита-остранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот,разделени по години за 2019, 2020 и 2021 година.
-.Број на предмети каде била изречена привремена мерка за заштита од родово базирано и семејно насилство-задолжително посетување на соодветно советувалиште за сторители на насилство врз жени и семејно насилство разделени по години за 2019, 2020 и 2021година.
-. Број на поднесени предлози и број на усвоени предлози за продолжување на привремена/итна мерка за заштита, по години за 2019, 2020 и 2021 година.
-.Број на поднесени предлози и број на усвоени предлози за укинување на привремена /итна мерка за заштита, разделени по предлагач за 2019, 2020, 2021 година.
-.Бројот на поднесени предлози и бројот на усвоени предлози за измена на привремена/итна мерка за заштита.
-.Број на поднесени жалби против првостепенита одлуки на Основниот суд за изречена привремена/итна мерка за заштита, разделени по подносител за 2019, 2020 и 2021 година
-.Бројот на примени известувања за непочитување или прекршување на изречената привремена/итна мерка за заштита разделени по подносител на известувањето по години за 2019, 2020 и 2021 година.
- Бројот на предмети каде судот побарал известување од центар за социјална работа или од МВР за начинот на спроведување на изречената привремена /итна мерка на заштита, по години за 2019, 2020 и 2021 година.
- Број на примени известувања за непочитување или прекршување на изречената привремена мерка задолжително посетување советувалиште за сторители на насилство врз жени или семејно насилство и број на предмети, каде судот побарал известување на начинот на спроведување на изречената привремена мерка задолжително посетување советувалиште за сторител на насилство врз жени или семејно насилство, за 2019, 2020 и 2021 година.
- Дали во текот на 2021 година, биле иницирани постапки за уредување на одговорност за непостапување со должно внимание согласно одредбите од овој закон? Доколку одговорот на ова прашање е потврден, доставете ни податок за бројот на примени тужби и иницирани постапки од овој вид, против кого е поднесена тужба и за бројот на предмети каде тужбеното барање било целосно или делумно усвоено.

49. Хуманитарно здружение „Мајка“ Куманово - Барање информација, колку во текот на 2021 година, жени жртви на семејно насилство поднеле барање, за

одпочнување на постапка и во колку случаи процесот е завршен.

3.**Број на позитивно одговорени барања**; Позитивно се одговорени 48 барања,

4. **Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфлено барање.**

Одбиено е 1-едно Барање за пристап до информации од јавен карактер, од причина што, барање за препис од судско порамнување, не е информација од јавен карактер, се издава согласно одредбите од Закон за парнична постапка, со поднесување на Барање за препис и доказ за постоење правен интерес и плаќање на судска такса за препис.
Отфрлени барања: Нема отфрлени барања.

5.**Број на неодговорени барања**. Нема неодговорени барања.

6. **Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на иматели на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација)**

Поднесена е 1-една жалба, од страна на Директорот на Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, донесено е Решение 08-718 од 10.05.2021 година, со кое жалбата се отфла како недопуштена.

7. **Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата**-Нема усвоени жалби

8. **Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата**-нема преиначени одлуки

9. **Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфлање**-Нема одбиени жалби.

10. **Број на отфлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфлање**-Отфрлена е 1-една жалба, од причина што барањето за пристап во документи не преставуваат информации од јавен карактер.

Куманово, 14.01.2022 година

Службено лице за посредување
Со информации од јавен карактер
При Основен суд Куманово
Судски соработник
Мирјана Максимовска

В.Д. Претседател на Основен суд Куманово
Судија,
Снежана Манев

Службено лице-потпис